19-1398/1
08.06 8

Друштво за проценки и консалтинг
ЛИДЕР ТИМ ДОО
Бр. 0302/233
11.06. 2018 год.
СКОПЈЕ

**Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ**
**по спроведена постапка БПП-О дел.бр.19-1398/2018**

**Проценка на недвижен имот за потребите на Општина Крива Паланка**
склучен на ден 11.06.2018 г. помеѓу следните

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**
**А) Општина Крива Паланка**
**ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка**
застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски**
(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и

**Б) ДПК ЛИДЕР ТИМ ДОО ул.Даме Груев бр.16 ТЦ Палома Бјанка локал број 5 1000 Скопје** (назив, адреса, седиште и држава) застапуван од **Управителот Елена Трајкоска** (во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна

**II. ДЕФИНИЦИИ**

**Член 1**
За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.
2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.
3) „Услуги“ се услуги дефинирани во член 3 став 1 алинеа 7 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги (категорија 22), согласно тендерската документација.
4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.
5) „Испорака“ значи извршување на услугите кои се предмет на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор.

**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 2**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните услуги: Проценка на недвижен имот за потребите на Општина Крива Паланка кои се опишани во тендерската документација на јавната набавка спроведена со БПП-О за доделување на договор за јавна набавка дел.бр. 19-1398/2018.

**IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**
**Член 3**
Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## V. КОЛИЧИНА НА УСЛУГИТЕ

Член 4

Лицето овластено од фирмата по барање на договорниот орган врши проценка на недвижен имот за потребите на Општина Крива Паланка.

## VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Цената на предметот на јавната набавка – услугите од член 2 на овој договор е утврдена согласно понудбената документација и тоа :

| | | | |
|---|---|---|---|
| I. | Куќи | | |
| 1. | До 100м2 | 3600 | 648 |
| 2. | Од 101 до 200 м2 | 4000 | 720 |
| 3. | Од201 до 350м2 | 4400 | 792 |
| 4. | Над 350м2 | 4800 | 864 |
| 5. | За секој м2 над 350 м2 | 24 | 4 |
| II. | Помошни простории (гража,остава,подрум) | | |
| 1. | Само за 1/еден/објект | 640 | 115 |
| 2. | За секој нареден објект | 240 | 43 |
| III. | Деловни простории | | |
| 1. | До 60м2 | 6000 | 1080 |
| 2. | Од 61 до 100м2 | 7600 | 1368 |
| 3. | Од 101 до 200м2 | 10400 | 1872 |
| 4. | Од 201 до 300 м2 | 12000 | 2160 |
| 5. | Над 300м2 | 14400 | 2592 |
| 6. | За секој м2 над 300м2 | 48 | 9 |
| IV. | Земјиште (градежно изградено и градежно неизградено земјиште и земјоделско земјиште ) | | |
| 1 | До 600м2 | 4000 | 720 |
| 2 | Од 601до 1000м2 | 5600 | 1008 |
| 3 | Од 1001 до 3000м2 | 7200 | 1296 |
| 4 | Од 3001 до 6000м2 | 9600 | 1728 |
| 5 | Над 6001м2 | 12000 | 2160 |

**Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност не смее да изнесува повеќе од 300.000,00 денари ( триста илјади денари) односно 354.000,00 денари( триста пеесет и четири илјади денари) со ДДВ.**

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Проценката ке се врши према динамиката на извршувањето на работите од страна на изведувачот према договорот за со нарачателот .

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на добавувачот да го изврши во рок од 60 дена од доставување на фактура .

Фактурата ќе биде потпишана од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Економскиот оператор односно од Раководителот на Одделението за комунална инфраструктура .

**Член 8**

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018.

## IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 9**

Квалитативна и квантитативна контрола на услугите од член 2 од овој договор врши Договорниот орган , преку овластено лице кое ја потврдува извршената услуга и кое врши контрола на извршувањето на услугата , со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Овластеното лице договорниот орган го определува со свој акт.

**Член 10**

Економскиот оператор е должен да достави лиценци за секој од обезбедувачите кои непосредно ќе ги извршуваат услугите од член 2 од овој договор.

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола на квалитетот со спроведување на дополнителни независни контроли според сопствено наоѓање.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

Недостаток постои:

- ако услугата не се извршува навремено;
- ако услугата се извршува недисциплинирано, непедантно, спротивно на етичките норми со посебен акцент на осетливиот / вулнерабилниот карактер на лицата во установите кои ќе бидат обезбедувани;
- ако услугата ја извршуваат лица кои не се униформирани или се неуредни

**Член 12**

Договорниот орган е должен за констатираните недостатоци да го извести Економскиот оператор во рок од три дена и да му даде рок истите да ги отстрани.

**Член 13**

Доколку Економскиот оператор не ги отстрани констатираните недостатоци во рок од осум дена, Договорниот орган ќе го извести Економскиот оператор дека ќе започне постапка за раскинување на договорот.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена , евентуалниот спор ќе го решава надлежниот суд во Крива Паланка.

## XII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Овој договор е склучен со времетраење од 1 (една ) години , односно дванаесет месеци – сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата .

## XIII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Договорниот орган може да го раскине на договорот согласно член 13 став 1 од овој договор, со отказен рок од 15 дена.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

| ***ДОГОВОРЕН ОРГАН*** | ***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР*** |
|---|---|
| **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** | **ДПК ЛИДЕР ТИМ ДОО Скопје** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **Борјанчо Мицевски** | **Елена Трајкоска** |